**ИСТРАЖУВАЊЕ НА ИПИС ЗА ПЕРЦЕПЦИЈАТА НА ГРАЃАНИТЕ ЗА**

**-СОСЕДНИТЕ ДРЖАВИ-**

08.02.2018 година

Почитувани,

Во истражувањето кое беше спроведено преку телефонска анкета од страна на **Институтот за Политички Истражувања од Скопје (ИПИС)** во периодот помеѓу 16 и 21 декември 2017 година **на 1113 полнолетни испитаници** на ниво на Република Македонија, граѓаните ги изразуваа своите ставови за **соседните држави, односите со Грција, спорот за името и македонските евро-атлански интеграции.**

Резултатите од истражувањето **ќе бидат објавени во три дела** во следните неколку денови. Во првиот дел се опфатени прашања преку кои се мери перцепцијата на македонските граѓани за соседите. Во прилог на извештајот ви ги презентираме резултатите за перцепциите на граѓаните за соседните држави со компаративна анализа на резултатите од истите прашања со истражувањето кое беше спроведено и објавено во 2016 година.

Истражувањето е направено во соработка со Универзитетот Колумбија од Њу Јорк, преку проект финансиран од Норвешката Влада.

**<u>Методологија на истражувањето</u>**

Заради запазување на релевантноста и непристрасноста на истражувањето, претходно беше креиран објективен прашалник врз база на кој подоцна беше спроведена анкетата. Истражувањето беше реализирано со користење на случаен примерок кој беше стратификуван за да се запази репрезентативноста на населението во Република Македонија. Во него беа запазени демографските специфики на населението како полова структура, старосни групи, степен на образование и етничка припадност, со соодветна поделба на испитаниците според местото на живеење и регионалната застапеност, со тоа што Скопје беше земено како посебна целина заради своите посебности.

| Какво е вашето лично мислење за следниве држави: | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Март 2016 | | | | | **Декември 2017** | | | | |
| | Многу позитивно | Донекаде позитивно | Донекаде негативно | Многу негативно | Не знам/ нема одговор | Многу позитивно | Донекаде позитивно | Донекаде негативно | Многу негативно | Не знам/ нема одговор |
| Србија | 45.0% | 24.3% | 10.3% | 15.6% | 4.9% | **42.3%** | **28.7%** | **12.3%** | **11.1%** | **5.6%** |
| Грција | 13.3% | 12.0% | 21.1% | 48.6% | 5.1% | **15.2%** | **24.8%** | **24.7%** | **28.7%** | **6.6%** |
| Бугарија | 24.3% | 22.9% | 27.0% | 19.3% | 6.6% | **25.8%** | **30.7%** | **20.9%** | **15.7%** | **6.8%** |
| Косово | 22.2% | 6.4% | 13.4% | 51.4% | 6.6% | **26.1%** | **12.0%** | **22.4%** | **33.3%** | **6.1%** |
| Албаниа | 27.8% | 15.3% | 20.2% | 30.1% | 6.6% | **27.6%** | **14.3%** | **19.0%** | **32.8%** | **6.3%** |
| САД | 43.9% | 19.0% | 15.3% | 15.7% | 6.2% | **37.6%** | **23.0%** | **13.1%** | **18.3%** | **7.9%** |
| Русија | 44.4% | 20.5% | 11.5% | 16.9% | 6.6% | **27.7%** | **33.2%** | **13.8%** | **16.4%** | **9.0%** |
| Турција | 51.1% | 25.2% | 13.1% | 7.1% | 3.5% | **38.5%** | **34.0%** | **11.3%** | **7.7%** | **8.4%** |
| Германија | 64.2% | 20.8% | 7.1% | 4.5% | 3.4% | **41.2%** | **31.1%** | **13.8%** | **4.5%** | **9.3%** |
| Англија | / | / | / | / | / | **37.9%** | **29.2%** | **13.8%** | **7.0%** | **12.0%** |
| Холандија | / | / | / | / | / | **40.4%** | **28.0%** | **13.5%** | **5.1%** | **12.9%** |


Генерално, дали сметате дека во моментов некоја држава претставува закана за Македонија?
2016 март
2017 декември
Не знам/ нема одговор
15.3%
12.6%
Не
54.5%
57.9%
Да
30.2%
29.4%
0.0%
10.0%
20.0%
30.0%
40.0%
50.0%
60.0%
70.0%


Која земја би била таа?
2016 март
2017 декември
Сирија 0.2
Франција 0.1
Англија 0.3
Германија 0.2
Турција 0.4
Русија 2.5 0.5
САД 6.6 5.6
БиХ 0.1
Албанија 3.0 2.2
Косово 5.4 8.0
Бугарија 1.7 0.4
Грција 9.3 10.3
Србија 0.9 1.3
Не знам/НО 0.8
0.0
2.0
4.0
6.0
8.0
10.0
12.0

| Некои луѓе потешко прифаќаат личност со различна етничка или верска определба да биде дел од нивниот живот. Дали вие лично би прифатиле: | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Март 2016 | | | | | **Декември 2017** | | | | |
| | Како член од фамилија | Како пријател | Како познаник | Не | Не знам / НО | Како член од фамилија | Како пријател | Како познаник | Не | Не знам / НО |
| Србин | 62.6% | 24.3% | 4.9% | 7.4% | .7% | **54.7%** | **28.8%** | **8.6%** | **4.9%** | **3.1%** |
| Албанец | 12.9% | 56.5% | 18.3% | 11.6% | .6% | **10.6%** | **52.8%** | **24.9%** | **9.6%** | **2.1%** |
| Турчин | 23.3% | 55.6% | 13.4% | 7.0% | .7% | **24.9%** | **53.4%** | **14.8%** | **4.2%** | **2.7%** |
| Грк | 18.8% | 38.2% | 19.6% | 22.4% | .9% | **27.9%** | **46.0%** | **16.2%** | **6.8%** | **3.1%** |
| Бугарин | 24.5% | 45.0% | 15.3% | 14.7% | .5% | **32.6%** | **44.8%** | **13.7%** | **5.8%** | **3.1%** |



НАПОМЕНА:

Одговорите ја одразуваат демографската структура на испитаниците и нивните преференци и ставови. Сите истражувања на Институтот се подложни на статистичка грешка која изнесува +/- 3 % . Поради тоа сите резултати претставени во извештајот можат да се движат во тој интервал.

Со почит,

Владимир Божиновски

Институт за Политички Истражувања - Скопје (ИПИС)

ул. „Багдадска“ 15/11, Скопје

тел. +389 70 269 828

www.ipis.org.mk